Дваесет и двајца претставници од општинските администрации на Шуто Оризари, Дебар и Куманово, Ромските информативни центри од Шуто Оризари и Куманово, како и претставници од ромските граѓански организации Дром-Куманово, Месечина-Дебар и РБИЦ-Шуто Оризари од 30 јули до 1 август 2014 г. во Скопје учествуваа на обука за подготовка на проекти кои треба да придонесат кон одржлива општествена инклузија на Ромите во Македонија.

„Се надевам дека посетената обука за подготовка на проекти ќе резултира со остварување на зацртаните цели за социјално вклучување на Ромите во општествените текови. МЦМС ни помогна да создадеме одличен тим составен од претставници на граѓанските организации кои работат со Роми, општинската администрација, РИЦ и наставници од училиштата во кои учат дечиња Роми. Се надевам дека заедно ќе успееме да подготвиме успешен проект за интегрирање на Ромите. Големи комплименти и до нашите предавачи Валентина и Биљана, кои обуката ја извршија професионално, несебично пренесувајќи ни ги нивните практични искуства од областа на подготовка на проекти“, вели Цветанка Арсиќ, советник во Одделението за заштита на животната средина при општина Куманово.

„Ни беше задоволство да бидеме учесници на оваа обука на која, од страна на МЦМС ни беше овозможено да научиме како да подготовуваме проекти со заеднички напори на општинската администрација и на граѓанскиот сектор. Впечаток ни остави тоа што обучувачите успеаја да го пренесат своето знаење, а работата во групи многу ни помогна во практичното совладување на темата“, сметаат Едмонд Амити, Фисник Мисна, Беким Крлиу и Урим Куртиши од Дебар.



Одужати разбој) Седоа Валентина Чичева (МЦМС) и Биљана Стевановска (ОРТ-Обука за